Во училиштето се изучуваат два странски јазика – англиски и француски јазик. Учениците од прво до петто одделение како задолжителен странски јазик го изучуваат англискиот јазик, а учениците од шесто до деветто одделение како задолжителни странски јазици ги изучуваат:
- англискиот јазик како прв странски јазик
- француски јазик како втор странски јазик

| Странски јазик | Број на паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| Англиски јазик | 26 | 395 |
| Француски јазик | 9 | 145 |

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение
За реализација на тандем настава по Физичко и здравствено образование е поднесено барање и е во процедура.

**8.9 Изборна настава**

Во зависност од интересите учениците изучуваат изборни предмети, со кои ги надградуваат, продлабочуваат и систематизираат знаењата од одредени подрачја. Учениците ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно Процедурата за изборни предмети. Од анкетирањето на учениците изборна настава ќе се изведува по следните предмети во следните одделенија:
Запознавање на религии – VI-1
Запознавање на религии – VI-2
Нашата татковина – VII-1

Нашата татковина – VII-2
Техничко образование – VII-3
Воспитание на околината – VIII-1
Истражување на родниот крај – VIII-2
Истражување на родниот крај – IX - 1
Воспитание на околината – IX – 2

Од оваа учебна година изборни предмети ке изучуваат и учениците од четврто и петто одделение, и тоа еден изборен предмет во прво полугодие, а друг изборен предмет во второ полугодие. Во прво полугодие учениците од 4 одд ке го изучуваат изборниот предмет Животни вештини, а во второ полугодие изборен предмет – Фудбал. Во 5 одд во прво полугодие учениците ке го изучуваат изборниот предмет Народни ора, а во второ полугодие изборниот предмет Модерен танц.

### 8.10 Дополнителна настава

Според ЗОО член 30 се организира дополнителна настава за оние ученици кои се соочуваат со повремени потешкотии во учењето и кои од одредени причини заостануваат во совладување на наставниот материјал или подолго време отсуствувале од редовната настава, а со цел да ги совладаат наставните содржини предвидени за нивната возраст со плановите и програмите. Дополнителна настава се организира за ученици кои покажуваат слаби резултати во учењето, а особено ако:

- имаат најмалку две слаби оценки;
- имаат слаби резултати по одреден наставен предмет;
- отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет;
- на барање на ученикот или неговиот родител, односно старател.

Заостанувањата и тешкотиите во наставата можат да бидат последица од повеќе причини и да се пројавуваат во различни форми и во различни временски периоди.

За успешно организирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и поставување на точна и навремена дијагноза за неговите развојни и особености и потреби, постигнувања, заостанувања и др.

Оваа настава, се организира во текот на целата наставна година, паралелно со редовната настава, пред или по редовната настава, а на крајот од учебната година дополнителна настава ќе се организира за учениците со негативни оценки во вид на продолжена настава. Содржините за дополнителната настава и начинот на работа, главно, се специфични за секој ученик. Во таа смисла неопходно е да се применуваат индивидуална и групна форма на работа на учениците и тимска работа на наставниците.

До 10-ти септември ќе биде изработен распоред за дополнителна настава кој во текот на учебната година, согласно потребите се менува, а учениците се ротираат по предмети.

### 8.11. Додатна настава

Според ЗОО член 32 во училиштето се организира додатната настава за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Оттаму, таа претставува организирана грижа и работа со надарените ученици. Во

оваа настава доаѓа до израз самостојната работа на учениците, работата во мали групи, изградувањето на систем и постапки за истражувачки активности, решавање проблеми од теориска и практична природа, организирање дебати, работа на одделни проекти, експериментирање и докажување. Исто така, битно е да се разработи следењето и вреднувањето на постигањата на учениците. Додатната настава се реализира според наставни програми.

Учениците се подготвуваат за натпревари, со што училиштето пошироко ги презентира своите воспитно - образовни потенцијали, а се овозможува афирмација на учениците кои со својот труд и талент тоа го заслужуваат.

До 10-ти септември ќе биде изработен распоред за додатна настава кој по донесувањето станува составен дел на оваа годишна програма.

**Час на одделенската заедница** - Ќе се разработуваат содржини од програмата Животни вештини според однапред утврдена програма.

### 8.12 Работа со надарени и талентирани ученици

Работата со надарените деца, претставува важен сегмент во образовниот систем. Образованието треба да одговори на барањата на сите ученици, за нивните стилови на учење, методи на учење, интереси и таленти. Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе. Факт е дека категоријата на надарени и талентирани ученици бара повеќе внимание со цел да се развијат нивните вештини и способности. Најчесто идентификувањето на надарените ученици се врши со систематско следење и вреднување на развојните особености, постигањата и потребите на секој ученик. Наставникот преку својата работа треба да го препознае талентот кај ученикот што го носи во себе и да го мотивира неговиот индивидуален развој.

Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон самостојно учење и користење информации; развивање на способност, формирање методи, умеења и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија. Работата во училиште ќе ја насочиме кон развивање на надарените и талентирани ученици преку:

- индивидуализација во наставата со учениците
- групна настава за учениците со приближно исти способности
- проектни активности
- слободни ученички активности
- учество на натпревари, конкурси и организирање на истражувачки активности.

Врз основа на идентификација на надарените ученици, училиштето ќе изготви Индивидуализирани програми за надарени и талентирани ученици и истите ќе ги реализираат одговорни наставници во соработка со стручните соработници.

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

| Конкретни цели | Активности | реализатор | време | очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| Идентификување на надарени и талентирани ученици | -Формирање на училишен тим за работа со надарени и талентирани ученици<br>- Изработка на програма за работа со надарени и талентирани ученици<br>- Информација на наставниот кадар за планираните активности | Училишен тим, стручна служба, наставници | VIII | -наставниот кадар знае постапки за препознавање и работа со надарени ученици<br>-организирано следење на надарените и талентирани ученици<br>-увид во постоечките ученички капацитети на училиштето<br>- подигање на свеста на родителите за можностите на нивните деца |
| | - Споредување и препознавање ученици кои квантитативно и квалитативно побрзо напредуваат во споредба со нивните врсници<br>- Разговори со одделенски раководители, предметни наставници и родители | | IX | |
| Проценување на надареност | - Евалуирање на квалитетот на постигнатите резултати во учењето.<br>Тестирање на способностите, особини на личноста и знаењата на учениците.<br>- СКР на стручниот работник со предметните наставници за секој ученик поединечно;<br>-примена на современи наставни форми<br>-избор на задачи, проектна или есејска работа | стручен соработник, предметни наставници | X | -Планирање,организација на поучувањето<br>- проширени извори на податоци;<br>- прилагодување на содржините кон потребите на учениците |
| Пружање соодветен образовно-воспитен третман на ученикот | - активирање на програмите за работа со надарени и талентирани деца<br>- дополнување на програмите соодветно проценетите индивидуални способности и карактеристики на ученикот<br>- континуирана изработка на индивидуализирани инструменти за утврдување на постигањата на надарените ученици<br>- СКР со надарените учениците ;<br>- следење на успехот, редовноста на ученикот;<br>-увид во изработки на учениците;<br>-увид во инструменти за следење,вреднување на учениците | предметни наставници стручен соработник, | XI | Реална проценка на постигнувањата;<br>-измени, дополнувања на индивидуалниот план за работа со ученикот;<br>Определување форми, методи за работа со ученикот |
| Утврдување на | -следење на успехот, редовноста на учникот; | предметни | I-II | Реална проценка на постигањата; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| индивидуалните постигања на надарените и талентирани ученици | -увид во изработки на учениците;<br>-увид во инструменти за следење, вреднување на учениците | наставници стручен соработник, | | -измени, дополнувања на индивидуалниот план за работа со ученикот;<br>Примена на соодветни форми, методи за работа со ученикот |
| Утврдување на социо-емоционалниот статус, | организирање на индивидуални родителски средби на стручната служба и одделенскиот раководител со родителот/ старателот на ученикот | стручен соработник, предметни наставници | **III-IV** | Развивање на позитивни ставови кај другите ученици кон надарените ученици |
| Утврдување на индивидуалните постигања на надарените и талентирани ученици | -следење на успехот, редовноста на учникот;<br>-увид во изработки на учениците;<br>-увид во инструменти за следење, вреднување на учениците | стручен соработник, предметни наставници | **IV** | Реална проценка на постигањата;<br>-измени, дополнувања на индивидуалниот план за работа со ученикот;<br>Примена на соодветни форми, методи за работа со ученикот |
| Изработка на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на ученици | -утврдување на критерими за вреднување на надарените ученици во согласност со наставни планови, програми, | стручен соработник, предметни наставници | **X - V** | Развој на индивидуалните инструменти за вреднување на надарените и талентирани ученици |
| општествената подршка за развојот на надарените деца | - материјална стимулација: стипендии, помош за опрема, кредити, студиски патувања и сл.<br>-помош при професионална ориентација,<br>-овозможување контакти и поврзување со организирани стручни друштва, фондови и други соодветни институции. | Директор, стручен соработник, наставници, локална самоуправа, бизнис сектор, НВО, | **V** | Континуиран напредок и повисок општествен статус за ученикот |
| Евалуација на програмата за работа со надарените ученици | -утврдување на слаби/јаки страни од примената на програмата;<br>-конципирање развоен план за работа со надарените ученици; | стручен соработник, предметни наставници одделенски раковод. | **VI-VIII** | Изработка на индивид. планови за работа со надарени ученици;<br>Подобрување на постигањата и социјализацијата на надарените ученици |

## 8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби

Наставните содржини од наставната програма, се адаптираат за учениците со посебни образовни потреби. Индивидуализирани програми за секој ученик со ПОП се изработуваат по потреба и по идентификација на учениците во соработка со дефектологот со наставникот, педагог и родител. Индивидуални образовните планови се составен дел од годишните планирања на наставниците.

Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда (наод и мислење) од компетентни институции. Дефектологот во континуитет соработува со наставниците и работи со овие деца како би се создала што подобра клима за нивна инклузија. Групата деца со кои работи стручниот тим се формира врз основа на наод/мислење од Центарот за ментално здравје, при што се наведува и видот на попреченост. Наодите се земаат во предвид и кога се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен оперативен план за работа со овие деца или се работи со диференциран пристап. Постигањата на децата во овој случај се вреднуваат согласно индивидуалниот образовен план и целите во диференцираниот пристап. Се поттикнува инивидуален напредок согласно индивидуалните способности на овие ученици. *(*ПРИЛОГ:20)

### Индивидуализирани програми за работа со ученици со потешкотии во учењето

Во училиштето се идентификувани ученици кои не се категоризирани од надлежна институција и немаат документ, а кои имаат потешкотии при совладувањето на наставните содржини и во социјализацијата во средината-паралелката се работи индивидуализирано и се планираат активности во рамките на дневните планирања и програмите за дополнителната настава. Овие ученици се инклузирани во редовната настава, па за нив посебно секој наставник во паралелката каде што се распоредени ќе изготви ИОП, се со цел и тие ученици да напредуваат по сопствено темпо и согласно своите можности.

Вклучување на децата со потешкотии во учењето и во редовни услови и настава овозможува:

- Нивно поуспешно функционирање комуникација, толеранција, еднаквост, можности во социјалната средина.
- Флексибилна индивидуализирана поддршка на децата со потешкотии во учењето и ПОП од страна на учениците и наставниците.
- Зголемено и активно учество во инклузивниот и образовниот процес и практична вклученост на родителите на деца со потешкотии во учењето и посебни образовни потреби.

Работата со учениците со потешкотии во учењето ја реализира тим од одделенски и предметни наставници, дефектологот и педагогот, а се состои во:

- Изработка на Програми за работа со учениците со потешкотии во учењето.
- Досие за ученикот со мислења од тимот, институции, изработки, постигања.
- Евидентни листи за бележење на постигањата на учениците со потешкотии во учењето.

*ООУ„Братство Единство“ Средно Коњари – Петровец – 2022/2023*

**Програма на инклузивен тим за образование**

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО ДЕЦА СО ПОТЕШКОТИИ ВО УЧЕЊЕТО И СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

| Конкретни цели | Активности | реализатор | време | очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| Откривање и евидентирање на ученици со посебни потреби | - евидентирање на учениците со посебни потреби<br>- Разговори со одделенски раководители<br>- формирање на тим за соработка,<br>- дефинирање на временски период и начини за соработка со<br>- дефектолог, наставници, родители, институцијата со која ке соработуваме за одреден проблем. | стручен соработник, оддленски раководител | **IX-V** | -преглед на ученици и видот на посебни потреби<br>-формиран е тимот за соработка |
| Индивидуализирање на наставата , прилагодување на методите на предавање-оценување кон потребите на ученикот | -Стручно Консултативна Работа (СКР) на стручниот работник со наставниците за секој ученик поединечно;<br>-примена на современи наставни форми;<br>-Изготвување на Индивидуален образовен план за секој ученик кој има наод и мислење од соодветна стручна институција | стручен соработникн аставници | **X** | -Планирање,организација на поучувањето;<br>-проширени извори на податоци;<br>-прилагодување на содржините кон потребите на учениците |
| Утврдување на индивидуалните постигања на учениците со посебни потреби; | -следење на успехот, редовноста на ученикот;<br>-увид во изработки на учениците;<br>-увид во инструменти за следење, вреднување на учениците;<br>СКР со учениците со посебни потреби;<br>СКР со родителите на учениците со посебни потреби;<br>СКР со одделенските раководители на учениците со посебни потреби;<br>-увид во Индивидуалниот образовен план за секој ученик. | стручен соработник наставници | **XI,I IV,VI** | Реална проценка на постигнувањата;<br>-измени, дополнувања на индивидуалниот план за работа со ученикот;<br>-Определување соодветни форми/методи за работа со ученикот<br>Подобрена социјализација<br>Подобрување на постигањата на учениците со посебни потреби |
| Утврдување на индивидуалните постигања на учениците со посебни потреби; | - следење на успехот, редовноста на ученикот;<br>-увид во изработки на учениците;<br>-увид во инструменти за следење,вреднување на учениците. | стручен соработник наставници | **I-II** | - проценка на постигањата;<br>-измени, дополнувања на индивидуалниот план за работа со ученикот;<br>Примена на соодветни форми/методи за работа со ученикот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Утврдување на социо-емоционалниот статус- развој на учениците со посебни потреби; | - социометриска метода;<br>-разговори со ученичка заедница;<br>-присуство на родителски средби | стручни соработници ученици одд. раков. родители | **III-IV** | Развивање на позитивни ставови кај учениците кон учениците со посебни потреби |
| Утврдување на индивидуал. постигања на учениците со посебни потреби; | - следење на успехот, редовноста на ученикот;<br>-увид во изработки на учениците;<br>-увид во инструменти за следење, вреднување на учениците | стручен соработник наставници | **IV** | Реална проценка на постигнувањата;<br>-измени, дополнувања на индивидуалниот план за работа со ученикот;<br>Определување форми/ методи за работа со ученикот |
| Изработка на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со посебни потреби | утврдување на критерими за вреднување на на учениците со посебни потреби во согласност со наставни планови, програми,, | Психолог педагог наставници | **IX-V** | Развој на критерими, индивидуални инструм. за вреднување на у~ениците со посебни потреби |
| Евалуација на програмата за работа со учениците со посебни потреби | - утврдување на слаби/јаки страни од примената на програмата;<br>-конципирање развоен план за работа со учениците со посебни потреби; | Психолог стручна служба, наставници | **VI-VIII** | -Изработка на индивидуални планови за работа со учениците со посебни потреби;<br>-Подобрување на постигањата на учениците со посебни потреби<br>-Подобрување на социјализацијата на учениците со посебни потреби; |

**8.14. Туторска поддршка на учениците**

Побарување за тутор во наставата е во процедура .

**8.15. План на образовниот медијатор**

Побарување за образовен медијатор во наставата е во процедура .

**9. Вонаставни активности**

Вонаставните активности претставуваат интегрално и мошне значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност на училиштето.

Суштината на вонаставните активности се состои во проширување и подлабочување на знаењата, умеењата и навиките на учениците. Тука доаѓаат до израз интересите, желбите и афинитетите на учениците за одредени активности. Со овие активности се развива љубопитноста, истажувачкиот дух, дружење со други одделенија и други училишта, меѓусебна соработка и доверба, солидарност и слично. Училиштето во рамките на својата воспитно - образовна дејност ги организира и остварува следните вонаставни активности:

| | |
|---|---|
| **ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ** | • **Училишен спорт**<br>• **Секции и Слободни ученички активности**<br>• **Ученички смотри и натпревари.**<br>• **Општествено-хуманитарна работа.**<br>• **Еко – патроли** |

**9.1 Училишни спортски клубови**

Училишниот спорт има непосредно влијание врз психофизичкиот развој кај учениците, го зајакнува нивното здравје, изградува навики за здрав живот и спортска активност и култура на добро држење на телото. Преку организирање на училишните натпревари се врши селекција на учениците кои покажуваат најдобри способности и со формирани екипи училиштето ќе се натпреварува како на регионалните така и на градските натпреварувања.

Училиштето активно учествува во сите планирани натпревари организирани од Општинскиот сојуз на училишен спорт Петровец. Конкретната цел на овие активности ќе биде создавање на поздрави, поефикасни и посреќни ученици кои преку овие активности имаат можност да се дружат, социјализираат и меѓуетничко почитување со учениците од други националности, фер – плеј однос, градење на натпреварувачки дух, формирање на цврста и здрава личност и спортски да се воспитуваат.

Во организација на Федерација на училишен спорт на Македонија (ФУСМАК) преку Сојузот на училишен спорт на град Скопје и општина Петровец, се организираат натпревари како во колективните спортови (кошарка, фудбал, ракомет, одбојка) така и во индивидуалните спортови (атлетика, карате, џудо, борење, пинг-понг, шах). Системот на натпревари е предходно утврден од Организацијата на ФУСМАК и Сојузот на училишен спорт на град Скопје, општина Петровец и тоа прво се организираат општинските натпревари, победниците од тие натпревари учествуваат на регионалните натпревари, а победниците на регионалните учествуваат на државни натпревари или на Државни Олимписки Игри кои се организираат на секои две години. Натпреварите се организираат во текот на целата година од септември до јуни во зависност од просторните услови во кои се одржуваат натпреварите.

**Слободни спортски активности:**

| р.б. | Секција | Реализатор |
|---|---|---|
| 1. | Ракомет, фудбал, одбојка, Кошарка, пинг-понг | Проф.Ардиан Бузаки |

Одговорни наставници за реализацијата и евалуацијата на овие активности се наставниците по Физичко и здравствено образование, кои на крајот од учебната година доставуваат и извештај за работата и постигнатите резултати од овие вonнаставни активности на учениците.

**9.2 Секции/ клубови**

Според наставниот план за работа изготвен од БРО, а одобрен од МОН, слободните ученички активности се реализираат со еден час неделно. Секој ученик по свој личен избор може да се одлучи да членува во една или најмногу во две секции. Слободните ученички активности имаат за цел да ги задоволат и негуваат индивидуалните интереси и способности на учениците, да ги развиваат самостојноста, доследноста, истрајноста, како и создавањето навики за правилно користење на слободното време. Во слободните ученички активности можат да учествуваат учениците кои имаат афинитети и интереси без оглед на успехот во наставата. Содржините на сите видови секции и слободни ученички активности ќе се планираат и евидентираат во одделенските дневници. Во основното училиште слободните ученички активности најчесто се организираат во областа на науката, техниката, уметноста, самозаштитата, унапредувањето на здравјето, или со учество на учениците во културно-уметнички и општествено-хуманитарни активности. Преку слободните ученички активности се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати. Задачите на слободните ученички активности се:

- да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците;

- учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување;

- да се негува доследност и истрајност во извршувањето на ученичките обврски;

- да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време. За учениците од I и II одделение, слободните активности ќе се организираат во рамките на паралелките, а за учениците од III, IV и V одде. ќе се организираат на ниво на одделение. Работата на секциите ќе се одвива по однапред изготвена програма од одделенските наставници, каде се одредени содржините за работа и времето за реализација. Знаењата добиени од работата во секциите ќе бидат презентирани на приредбите и прославите, на натпреварите и квизовите што училиштето ќе ги организира во рамките на одделението, училиштето и пошироко, а воедно и со учество на разни манифестации кои придонесуваат за подобра презентација и афирмација на воспитно - образовната дејност на училиштето, како и воспоставување на комуникација со другите училишта .

Според карактерот и содржината на работа, СУА се застапени како:

-Слободни активности за проширување и продлабочување на знаењата и способностите на учениците;

-Културно-уметнички активности;

-Слободни технички активности.

**Слободни активности за проширување и продлабочување на знаењата и способностите на учениците**

| р.б. | Секција | Реализатор |
|---|---|---|
| 1. | Математичка | Иван Топузовски,Идајете Ферати |
| 2. | Географска | Дилавер Исмаили Мирзет Шуман |
| 3. | Историска | Јован Аѓиовски |
| 4. | Странски јазик: Англиски, Француски | Цвете Беличанец,Марија Митревска |
| 5. | Биолошка | Мустафа Шенѓуле, Розе Младеновска |
| 6. | Физика | Роза Младеновска |
| 7. | Екологија | Елизабета Петковска |

**Културно-уметнички активности:одделенска настава**

| р.б. | Секција | Реализатор |
|---|---|---|
| 1. | Рецитаторско-литературна | Сузана Кржаловска |
| 2. | Драмска | Силвана Василевска |
| 3. | Ритмичка, пеачка | Садбере Халити |
| 4. | Ликовна | Атмуше Малиќи |

**Културно-уметнички активности:предметна настава**

| р.б. | Секција | Реализатор |
|---|---|---|
| 1. | Рецитаторска | Елица Андонова |
| 2. | Литературна | Снежана Тодоровска |
| 3. | Драмска, новинарска | Ведије Сулејмани |
| 4. | Ликовна | Мирјана Сербиновска |
| 5. | Хор и Оркестар | Сузана Костовска |

**Слободни технички активности**

| р.б. | Секција | Реализатор |
|---|---|---|
| 1. | Млади техничари | Мендух Цури |

## 10. Ученичко организирање и учество

Активно организирање и ученичко учество ќе имаат и во ,,Ученичкиот парламент’’ во кој учениците ќе дискутираат за своите предизвици и предлози, взаемно ќе се дополнуваат и ќе ги решаваат евентуалните проблеми. Заклучоците и предлозите од нивните состаноци ќе ги пренесуваат до раководството на училиштето, истите заеднички ќе се разгледуваат и тековно ке се решаваат.

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1 Екскурзии, излети и настава во природа

**Екскурзијата** претставува воспитно - едукативна форма за реализирање на одредени наставно - воспитни содржини планирани со наствниот план и програма.
Во оваа учебна година планирана е една еднодневна рекреативна екскурзија за учениците од I-IX одделение - пролетна. За проширување и продлабочување на знаењата на учениците ќе се организираат наставни екскурзии низ Македонија кои се во функција на наставата со учениците од III, V, VI и IX одделение согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии (еднодневна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна екскурзија за учениците од IX одделение).
Процедурата на изведување на ученичките екскурзиите (цели, содржини, критериуми, начин на реализација и др.) се спроведува согласно Правилникот за екскурзии донесен од МОН. (ПРИЛОГ:10)

Ученичките екскурзии и посети ќе се реализираат под мотото:

***,,ПАТУВАМЕ, СЕ ДРУЖИМЕ, УЧИМЕ..***

**Настава во природа**

Целта на оваа настава е учениците со користење на непосредната околина да се стекнат со нови знаења, способности и правилен развој на личноста како и продлабочување на знаењата и збогатување на искуството на учениците. Наставата во природа ќе се реализира со учениците од петто одделение и со содржини по наставни предмети.
Ќе биде подготвена Програма согласно Правилникот за екскурзии.
**Очекувани ефекти** - ефикасно реализирање на предвидените цели во програмата и проширување на знаењата кај учениците и збогатување на нивното искуство.

## 12. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот и претставуваат мотивирачки фактор за постигнување на повисоки резултати во одредени области. Придонесуваат да се зголеми интересот на учениците кон разни активности, да се развива натпреварувачкиот дух, да се зближуваат учениците од разни средини и да се врши правилен избор на талентирани ученици. Тие претставуваат дејност преку која се презентираат успесите на учениците и училиштето по различни предмети и подрачја на воспитно - образовната дејност.

Одговорните наставници самостојно ги определуваат начинот и правилата за натпреварување, како и начинот на пријавување за натпреварите за што транспарентно и навремено ги информираат учениците. Учениците кои ќе покажат најдобри резултати на натпреварите на училишно ниво, потоа треба да го претставуваат училиштето и на натпревари од повисок ранг (општински, градски, државни натпревари), за кои ќе бидат менторирани од страна на наставниците одговорни за одделни наставни предмети.

По повод патрониот празник на училиштето ќе се организира литературен и ликовен конкурс. Нашето училиште ќе земе учество во слични натпревари организирани во други училишта.

Во рамките на можностите и согласно Правилникот за наградување на ученици, училиштето ќе овозможи симболични награди и дипломи/пофалници за најдобрите ученици. Планот за општински, регионални, државни и меѓународни ученичките натпревари кои ќе се организираат и во кои ќе учествува училиштето во текот на учебната 2022/2023 година.

- **Општествено хуманитарна работа**

Општествено - хуманитарна работа во училиштето е планирана активност со однапред изготвена програма за работа. За оваа цел се изготвуваат програми за заштита и чување на природата и околината, организирање на базари, хепенинзи, прослави и одбележувања на значајни датуми, историски часови, Ден на екологија и Денови на дрвото, одбележување на Ден на Општината и Ден на училиштето, учество на учениците во разни хуманитарни акции, кои имаат пошироко општествено значење и помош на социјално загрозени и инвалидизирани лица, работни акции во и надвор од училиштето, уредување на училниците и училишниот двор и сл. Сите активности кои ги планира училиштето се поддржани од ученичка заедница, Училишен одбор и Совет на родители и за секоја активност училиштето изготвува посебна програма.

Задачите на општествено-хуманитарната работа е да се развие позитивен однос спрема другите, да се негува почит кон работниот човек, чувство на одговорност, развивање работни навики, да придонесе за постапен развој на истрајноста во работата, уредно и навремено завршување на задачите, развивање навики за одржување на општа хигиена во училиштето и околината, да развива, стекнува и создава љубов кон природата, околината, природните и историските објекти и споменици, развивање еколошка свест кај учениците. (ПРИЛОГ:12)

## 13.Унапредување на мулти-културализмот и меѓуетничка интеграција

Важна компонента во воспитно-образовниот процес и во целокупниот развој на индивидуата е соживот на сите етнички групи во заедницата. Имајќи ја́ во предвид средината во која се наоѓа училиштето, како и тоа дека во рамките на училиштето и во оваа учебна година ќе се реализира Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието финансиран од УСАИД. Наш избор за партнерско училиште во реализација на мултикултурни активности е ООУ „Вера Јоциќ“ од општина Гази Баба,и ООУ „Гоце Делчев“ од Илинден. Целта на овој Проект е да се подобрат меѓуетничките односи во образованиот систем, да се придонесе во унапредувањето на мултикултурализмот во образованието и да се развива почит и толеранција кон различните од себе, размена на културните и верските вредности. Училиштето планира активности во насока на меѓусебно запознавање на учениците од различни етнички групи, со цел развивање почит и однос кон различностите. Одговорниот СИТ тим, по изготвување на Програмата за меѓуетничка интеграција на училиштето, ќе изготви акционен план за реализација на низа мултикултурни активности во редовната настава и вонаставните активности, (разни секции, спортски активности), одржување на заеднички часови, посети на верски објекти, заедничко одбележување на верски празници, литературни средби, спортски манифестации, ликовни работилници и

друго), активности за одбележување на Денот на училиштето; разни акции на учениците, наставниците и родителите; соработка на Советите на родители; одбележување на значајни празници; заеднички екскурзии.

Најважно е *Подобрувањето на меѓуетничката комуникација и надминување на етничките, културолошките и јазичните препреки*.

## 14.Проекти кои се реализираат во училиштето

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи со кои преку реализирање на проекти ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата. Во нашето училиште се рализират следните проекти:

- Математика со размислување;
- Јазична писменост во почетните одделенија;
- Намалување на насилството во училиштата- Стоп насилство;
- ЕКО, интеграција на еколошката едукација;
- Проект за меѓуетничка интеграција во образованието;
- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците;
- Еразмус, е-Твининг интернационална образовна платформа
- Примена на Микробит и критичко размислување.

- **Математика со размислување**

Програмата е заснована брз опсежно истражување за тоа како децата најдобро учат математика и како наставниците да реализираат квалитетна настава по математика која ќе овозможи подобрување на знаењата кај учениците. Преку разни техники, стратегии и методи учениците пресметуваат не само прецизно туку и флексибилно, на повеќе начини, учениците имаат можности да видат како математиката има смисла, а тоа подразбира учениците да ја разберат математиката.

- **Јазична писменост во почетните одделенија**

Програмата има за цел преку квалитетна настава по мајчин јазик со примена на нови стратегии да се подобрат постигнувањата кај учениците, во читањето и во описменувањето. Учениците се поучуваат на вештините и концептите коишто ќе бидат практикувани во наставата за да станат учениците добри читатели и пишувачи.

- **Поврзување на еколошката програма со редовната настава**

Целта на оваа Програма е рационално користење и намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија, на водата, здрава средина за учење и уреден и функционален училишен двор во согласност со потребите за заштита на животната средина. Ќе се реализира преку интегрирање на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите и наставните содржини од I-IX одделение преку имплементирање на активности на часовите во редовната настава и ВНА, а ќе се вклучат сите субјекти во училиштето, родители, локална самоуправа и др институции. (ПРИЛОГ: 18)

- **Проект за меѓуетничка интеграција во образованието**

Целта на овој Проект е да се подобрат меѓуетничките односи во образованиот систем, да се придонесе во унапредувањето на мултикултурализмот во образованието и да се развива почит и толеранција кон различните од себе, размена на културните и верските вредности.

- **Заедничка грижа за правилно насочување на учениците**

Целта на овој проект е преку разни активности да се зајакне врската родител – ученик - наставник, со што во образовниот систем ќе се започне со зајакнување на воспитната компонента во процесот на основното образование.

- **Еразмус, еТвининг**

Преку оваа платформа наставниците имаат можност да комуницираат, соработуваат, да дебатираат, да иницираат и развиваат проекти во кои се вклучени и учениците, да споделуваат знаења, искуство, активности и добри практики од цела Европа и пошироко. Воедно нуди и стручно усовршување на наставниците преку вебинари. Активностите на етвининг поттикнуваат соработка меѓу европските училишта со примена на разни ИКТ алатки достапни на етвининг платформата и изработка на виртуелни проекти

- **Примена на Микробит и критичко размислување**
  Целта на овој Проект е да се подобрат способностите и вештините за критичко размислување и решавање проблеми и програмирање со Микробит како и примена на Микробит во решавање на секојдневните проблеми.

## 15. Подршка на учениците

### *15.1 Постигнување на учениците*

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Од страна на педагогот и психологот се прават споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, како и на постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик и др. Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците, прави анализа и споредба на успехот и поведението на секој квартал, изработува полугодишен и годишен извештај, споредбени резултати со претходните години и др.

### 15.2 ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

Стручната служба во соработка со наставниците и ученците води грижа за професионалната ориентација на учениците и нивната професионална кариера. За поддршка на учениците во изборот на средно училиште во кое ќе се запишат, училишниот педагог изготвува Програма за професионална ориентација наменета за учениците од деветто одделение со активности и одговорни лица. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање . За правилен избор на идното занимање на учениците ќе се води разговор со учениците од девето одделение за нивните професионални интереси и желби, за тоа ќе се води разговор и со нивните родители и одделенските раководители. Освен тоа со учениците ќе бидат разгледани предавања, разни стручни и пропагандни материјали од средните училишта, разгледување Конкурсот за упис во државните средни училишта, приватните колеџи и др. Се организираат и презентации на занимања од

државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.

Доколку постојат можности ќе се организира посета од страна на учениците на поедини средни училишта, или да се обезбедат предавачи кои ќе ги запознаат учениците со разни струки и занимања.

Се следи уписот на учениците во средните училишта преку повратна информација од средните училишта каде се запишани нашите ученици и податоците се доставуваат до МОН- ДПИ.

**15.3 Промоција на добросостојба на учениците , заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација**

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училиштето преку тимот за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и превзема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Во соработка со родителите и релевантни институции ќе се спроведуваат активности во училиштето во кои ќе учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за подобрување на социоемоционалната состојба на учениците. Активности посветени на грижата на здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година преку различни активности: предавања, разговори и работилници на часот по одделенска заедница , со стручната служба, со одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентива од болести (заштита, зараза, завист) содржини со кои се изградува свеста кај учениците со воспитание и образование за заштита на здравјето и здравиот начин на живеење. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи за безбедност преку одржување едукативни работилници за учениците. Воедно тимови од МВР за учениците од 2 и 4 одделение вршат обука за однесување на учениците во сообраќајот.

## 16. Оценување

***16.1Видови оценување и календар на оценување***

| Одделенија | Вид на оценување и календар на оценување |
|---|---|
| I - III | Описно преку цела година |
| IV - VI | Комбинирано (тромрсечие и полугодие – описно; на крај година – бројчано) |
| VII – IX | Бројчано преку цела година |

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:

Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и бројчани оценки. На крајот од првото и третото тримесечие и на полугодие добиваат описни оценки а на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование.

Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со бројчани оценки.

На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивните годишни тематски и дневните планирања. Се користат форми, методи на следење, инструменти за следење на постигањата на учениците (чек листи, аналитички листи, увид во портфолио...)

Секој наставник води досие за ученици и портфолио на наставник. Досието за ученици содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Портфолиото на наставникот содржи дел од изработките на учениците, планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и вонаставните активности.

Во текот на учебната година систематски се следат, анализираат и вреднуваат постигнувањата на учениците. Тоа е континуиран процес кој секој наставник го реализира во својата секојдневна работа. Оцената е сумативна форма од целокупната активност на ученикот, од неговите писмени и усни проверки на знаењата, неговиот интерес за време на часот, учество во воннаставните активности и проекти, редовноста во извршувањето на домашните работи како и од следење на дополнителна литература. За постигнувањата на учениците се прават извештаи и анализи на наставничките и одделенските совети на крајот од секој квартал. Се изработуваат статистички извештаи за успехот поведението и редовноста на учениците. Училиштето како институција дава поддршка на наставниците во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и разговор со стручните соработници, како и поддршка на наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување.

Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие. Ученикот од прво заклучно со петто одделение, по правило, не може да го повторува одделението. Ученикот кој не успеал да ги совлада наставните содржини до крајот на учебната година како последица на подолго отсуство од наставата поради болест, преселување и други оправдани причини, по предлог на родителот или по предлог на одделенскиот наставник и стручните соработници на училиштето, а во согласност со родителот може да остане во истото одделение за што одлука донесува наставничкиот совет на училиштето.

### 16.2 Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето се формира тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. Се утврдува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени, се

утврдува начин на информирање на родителите и учениците за овие прашања. Следењето и проверувањето ќе се реализираат преку непосредни педагошки увиди, изготвување извештаи, анкетирање, анализи, информации, периодични писмени согледувања, полугодишен и годишен извештај и слично, нивно разгледување на состаноците на стручните органи и тела и донесување заклучоци и ставови по истите.

Следење, анализа и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди врши директорот и стручната служба. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите.

**16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспи. тно-образовниот кадар**

Тимот за следење и анализа во оваа учебна година ќе биде составен од Директоерот на училиштето и Стручните соработници во ООУ „Братство-Единство“ врз основа на „Планот за работа на директорот на училиштето“; „Планови на стручните соработници на училиштето“ кои подразбира педагог, психолог и врз изработените инструменти за следење на посета на наставен час и воннаставна активност на работата на наставниот кадар во основното училиште според строго утврдена рамка ќе се следи работата на наставниот кадар.

***16.4*** **Самоевалуација на училиштето**

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование, спроведува самоевалуација на целокупната работа, изготвува извештај по спроведената самоевалвација по која се определуваат јаките и слабите страни и се даваат предлози за подобрување на работата. Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја.

Самоевалуацијата ги опфаќа особено следниве области:
- организација и реализација на наставата и учењето;
- постигањата на учениците;
-професионален развој на наставниците, стручните соработници и воспитувачи и на раководниот кадар;
- управување и раководење;
- комуникации и односи со јавноста;
-училишната клима и култура;
- соработката со родителите и со локалната средина.

Комисијата составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите која по предлог на директорот ја формира училишниот одбор, изготвува извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата кој го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот. Училишниот одбор и директорот треба да постапат по предлогот на мерките на комисијата. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето го доставува до Државниот испитен центар. Врз основа на Извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето изготвува План за развој. Последната самоевалуација е спроведена на во две учебни години 2019/2020 год.,2020/2021, а следната ќе се спроведе во двете учебни 2021/2022 год. и 2022/2023год.

## 17. Безбедност во училиштето

**Заштита во случај на пожар, земјотрес или друга непогода**

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на просториите на соодветниот спрат на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случај на елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и друго) училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробни евакуации. Опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место. Во училиштето има прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен да се пружи прва помош.
Составен дел на училишната програма заземаат содржините поврзани со здравјето на учениците. Цел на програма за унапредување на здравјето е формирање на психички, социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината. Здравственото образование на децата е приоритет не само заради самото здравје, туку и од гледна точка на самиот образовен систем – за да можат децата да учат треба да се здрави. Грижата за здравјето на учениците во училиштето е обврска на сите вработени и се води грижа на три нивоа:
- физичко здравје кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност;
- ментално здравје го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата;
- социјалното здравје ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација.

Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година во наставата по предметите физичко и здравствено образование природа, биологија, хемија, во рамките на слободните ученички активности и други форми. Предавања и разговори на часот на одделенската заедница, со стручната служба, одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентивата од болестите на зависност и други содржини со кои се изградува свеста кај учениците за здрав начин на живеење.

Одржување на здравјето на учениците ќе се реализира преку: одржување на личната хигиена; одржување на здрава и чиста средина од страна на административно-техничкиот персонал и преку дезинфекција, дератизација и дезинсекција од страна на стручни екипи; редовни систематски прегледи за учениците од I,III,V и VII одд. организирани од ЈЗО - Здравствен дом – Ченто, а во координација со одд.раководители; редовни вакцини на учениците според планот на Здравствен дом Ченто. Дел од програмите за работа ќе се реализираат во соработка со организации и институции кои се занимаваат со превенција и заштита на здравјето на децата, со ангажирање на стручни лица специјализирани за различни области и преку предавања, средби и разговори ќе придонесат за подигање на здравственото воспитание и образование на учениците, заштита од разни болести. Во училиштето ќе се организираат повеќе предавања (реферати) за ТБЦ, детска парализа, болести на зависност кај младите, заразни болести, правилна исхрана, СИДА и др.; обезбедување и пружање прва помош; постојани физички и телесни вежби и др. Училиштето особено ќе се заложи за здрава и правилна исхрана на учениците (ужина).

## 18.Грижа за здравјето

### 18.1 Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува редовно и континуирано со чистење и дезинфицирање на сите простории во училиштето како и на целокупниот инвентар и наставни нагледни средства, при тоа се користат еколошки средства за чистење и дезинфекција. За одржување хигиената во училиштето се грижи техничкиот пресонал.

Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите, подот и мебелот во училниците се чистат редовно. Останатиот училишен простор се чисти еднаш во денот. На почетокот на секоја учебна година санитарен инспектор ја проверува хигиената во училиштето и дава дозвола за непречено одвивање на наставата.

Училиштето преку редовни училишни еко акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши еднаш во годината од надлежни институции како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење.

### 18.2 Систематски прегледи

Систематските прегледи и вакцинирањето на учениците ќе бидат реализирани согласно Календарот за вршење систематски прегледи, вакцинација и ревакцинација утврден од Здравствен дом Ченто.

Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа реализација на програма за вакцинација на учениците, систематски прегледи, стоматолошки прегледи на забите, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и хигиената на училиштето. Оваа програма за грижа за здравјето на учениците ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, ученици, родители, Поликлиника Ченто- оддел за училишна возраст, Заводот за здравствена заштита и пошироката заедница.

Грижата на училиштето за здравјето на учениците опфаќа редовни лекарски прегледи, грижа за лична хигиена, создавање хигиенски и други поволни услови за работа во училиштето. Ќе се организираат редовни систематски прегледи во I, III, V и VII одделение, преглед на забите за I, II, III, V и VII одделение, редовни прегледи и предавања за вошливост, заразни болести и зависност итн. За девојчињата од VI одделение се одржува предавање на тема „Едукативна програма за промените во пубертетот кај девојчињата“. Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

### 18.3 Вакцинирање

Вакцинирањето се врши во Здравствениот дом, а се опфатени учениците на возраст од: 6 години (I одделение) мали сипаници, рубеола, заразни заушки (1 доза) - I ревакцинирање 7 години (II одделение ) туберкулоза (со тестирање ) (1 доза) детска парализа (1 доза); дифтерија, тетанус (1 доза) - I ревакцинирање; II ревакцинирање; III ревакцинирање12 години, 2 и 6 месеци после првата доза (VI одделение); инфекции со хуман папилома вирус (HPV) (само за девојчиња) (3 дози) - вакцинирање 14 години (завршна година на основно училиште) рубеола (само девојчиња) (1 II ревакционирање доза); детска парализа (1 доза); дифтерија, тетанус (доза); III

ревакцинирање; IV ревакцинирање. Наведените активности ќе се реализираат според програма за грижа за здравјето на учениците:
Програма – грижа за здравјето на учениците –

### 18.4 Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училиштето во текот на цела учебна година континуирано реализира едукативни предавања за здрава храна како преку редовните наставни содржини така и преку соработка со стручни лица од таа област во вид на предавања, трибини и работилници.

Училиштето секоја година во рамките на Програмата „Еко- училиште“ реализира активности за здрава храна. Учество земаат учениците, родителите, наставниците со изработка на штанд на здрава храна во училишниот хол, изработка на брошура. Целта е едукација на учениците за здравата исхрана, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите и локалната заедница. Во нашето училиште не постои интерс кај учениците за оброк.

## 19.Училишна клима

Остварувањето на воспитно-образовните цели во училиштето во голема мера зависи од социо-емоционалната клима која постои во училиштето. Таа претставува збир на сите околности (физички, психолошки и социјални) во кои се одвива воспитно-образовниот процес, како и мрежа на односи кои постојат меѓу учесниците во воспитно-образовниот процес (наставници, ученици, училиштен персонал, семејство). Постоењето на позитивна клима во одделението е значајно бидејќи води кон поголем и поквалитетен ангажман на наставникот при реализирањето на воспитно-образовните цели, подобро училишно постигнување на учениците, попозитивни ставови на учениците кон наставниците и училиштето, како и подобри интерперсонални односи меѓу учениците. Во училиштето ќе се изготват содржини за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот рakводител, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници, стручната служба, во соработка со родителите. Наставниците и стручната служба со помош на дефектолог дејствуваат кон интеграција на ранливата група на ученици и соработка со нивните родители. Во оваа група спаѓаат ученици кои покажуваат негативни промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот). Содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Целта е да се обезбеди почитување на личноста- негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите; еднаквост и правичност – еднакво и без предрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите. Родителите континуирано и навремено ќе бидат информирани за сите активности кои ќе бидат превземени во училиштето во рамките на наставата и воннаставните активности, а исто така ќе добијат и можност и да се вклучат во наставниот процес и воннаставните активности. Ова ќе се остварува преку родителските средби, Советот на родители, Училишниот одбор, приемни денови, но исто така и преку индивидуални разговори со одделенските раководители, наставниците, директорот, педагошко-психолошката служба. За подобрување на социо-емоционалната клима, потребни се интерни обуки во соработка со БРО,

Центарот за социјална работа и високообразовните институции за поддршка на наставниците при планирање и реализација на овие содржини.

**Грижа за ученици од социјално загрозени семејства**

Во Училиштето се идентификуваат ученици од социјално загрозени семејства. За нив се посветува грижа од два аспекта:

- емоционална заштита на личноста на ученикот која претежно се остварува од соучениците односно во рамките на заедницата на учениците;
- пружање на материјална и финаниска (парична) помош која се остварува преку: доделување на парични средства, бесплатна ужинка, давање на тетратки, прибор и друг ученички материјал, давање на облека, обувки и прибор за лична хигиена, бесплатно учество на екскурзии и др. Средствата за материјална и парична помош се обезбедуваат од: хуманитарни акции на ученичката организаија на Црвен Крст; хуманитарни акции на разни хуманитарни организации; разни меѓународни организации; Министерство за образование и сл.

**19.1. Дисциплина**

Почитувањето на правилата на однесување во училиштето доведува до одлична дисциплина и ред на сите кои работат и престојуваат во училиштето. Дисциплината во училиштето е на високо ниво, со тендеција сме тоа да се задржи. Се запазува времето на доаѓање на персоналот и на учениците. Вратите на училиштето се отвараат во 6:30 часот наутро и се затвараат во 17 часот. За одржување на редот и дисциплината во училиштето и училишниот двор се грижат дежурните наставници и дежурните ученици, според строго утврден распоред на дежурства. Дежурствата на наставниците ќе бидат истакнати на огласната табла во наставничката канцеларија и на огласната табла на училиштето, по тој распоред секој дежурен наставник ја исполнува својата обврска.

**19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето: Нашето училиште има приоритет да се грижи за естетскиот и функционалниот изглед на училиштето. Содржините на истакнатите изработки на учениците и наставниците ќе бидат од различни области меѓу кои ќе има содржини од мултикултурата со што ќе го изразиме мултикултурниот карактер на нашата држава со цел запознавање и зајакнување на меѓуетничките односи; содржини според оделни настани и датуми битни за животот на учениците. Останатите ѕидови и холот ќе го уредуваат ученици од ликовната и литературната секција под раководство на нивните наставници.

**19.3. Етички кодекси**

Етички кодекси: Непосредно пред почетокот на учебната година тимот од наставници од одделенска и предметна настава и стручната служба раководени под некои сугестии и потреби од страна на учениците и родителите ќе го обновиме и потврдиме постоечкиот кодекс на однесување. Кодексот во себе ќе ги опфати правилата на однесување на персоналот, учениците и родителите. Тој ќе биде истакнат на видни места (во наставничка канцеларија и училниците) и со него ќе бидат запознаени сите инволвирани. За непочитување на правилата на однесување за сите инволвирани следат соодветни мерки. Етичноста е дел од личниот систем на вредности. Етички се однесуваме не затоа што така ни налага законот, не затоа што некој тоа го очекува од нас, туку затоа што веруваме дека така треба и сакаме да се однесуваме.

### 19.4 Односи меѓу сите структури

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби. За подобрување на училишната клима и односите во училиштето може да се организираат заеднички состаноци-работилници, дебати, предавања, на кои ќе се разгледуваат слабостите во комуникацијата, а  ќе се организираат и заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл. Во училиштето постои соработка и корелативни врски меѓу сите постоечки структури (раководен орган, стручна служба, стручни активи, училишен одбор, совет на родители, технички персонал, и др.)

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените и ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничка припадност, верата и потеклото) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

## 20.Професионален и кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Професионалниот стручен развој подразбира *индивидуално* усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. *интерно*, како и *надворешно* усовршување кое го врши Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука и други институции.

### 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

За да се постигне квалитетна настава која ќе ги обучува учениците за живот во 21-от век потребно е постојано да се едуцира наставниот кадар за создавање на една таква настава. Сведоци сме на големиот број на промени кои се случуваат во образованието па наставниците постојано мора да одржуваат чекор со сите нив.

Потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, се извор за детектирање на потребите и приоритетите за професионлен развој на образовниот кадар. Самоевалуацијата на училиштето покажа дека наставниците редовно ги следат сите обуки и семинари организирани или поддржани од МОН и БРО, а дел од нив и самостојно се усовршуваат.

Во таа насока единствено како потреба се јави изготвување на стратегија за следење на индивидуалните развојни потреби на наставниците. Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручна служба, претседатели на активи.

### 20.2 Активности за професионален развој

Во учебната 2022/2023 година наставниците ќе продолжат активно да ги следат сите обуки и семинари организирани или поддржани од БРО и МОН. Овде ќе ги наведеме и интерните програмски определби кои придонесуваат за професионален развој и стручно усовршување на стручните соработници и наставници, а кои ќе бидат реализирани од Тимот за професионален развој на образовниот кадар.

Со утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените се планира организација и реализација на интерни обуки и семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците дисеминации на новини кои ќе ги реализараат нашите наставници за своите колеги од централното и подрачното училиште. Во согласност со финансиските можности на училиштето се планираат и посета на обуки кои ги одржуваат овластени обучувачи. Се изготвуваат акциони планови за истите, се врши дисеминација од проектите, се подготвуваат извештаи и се прави евалуација.

1. Изработка на акциони планови за сите облици на професионален развој ;
- Обуки од секаков облик;
- Семинари (во училиштето и надвор од него);
- Работилници на најразлични теми поттикнати од потребите на наставниците заради одредени констатирани пропусти.

2. Задолжителна дисеминација .
3. Задолжително изработка на извештаи пропратени со евалвација на секој облик од каде ќе произлегуваат и наредните облици на професионален развој. (ПРИЛОГ: 24)

### 20.3 Личен професионален развој

Во училиштето редовно се следи работата на наставниците и се настојува подобрување на истата преку разни форми на професионален развој: семинари, обуки, конференции, пишани рубрики или статии во стручна литература итн. Според насоките дадени од ДПИ се врши и интерено следење на наставниците преку посета на часови, како и анализа на наставничките портфолија. Секој наставник е задолжен за водење на сопствено професионално досие за чија контрола задолжени се директорот, стручните соработници, инспекторите од ДПИ, општинскиот просветен инспектор. Секој наставник е мотивиран за постојано посетување на разни семинари, обуки, конференции, регионални средби заради стекнување на нови искуства, сертификати. Се планира активно учество на наставнците и вработените на понудени обуки од еколошката програма.

### 20.4 Хоризонтално учење

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови. Во тој поглед училиштето треба да подготви акциски планови во кои ќе се објаснети активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи.

## *21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите*

### 21.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Учеството на родителите во училиштето се планира да се одвива на повеќе начини. И оваа година посебно внимание ќе се посвети на соработката со родителите и тоа преку секојдневни средби и разговори, родителски средби. За таа цел ќе се изработат програми за реализирање на содржините и активностите, а Советот на родителите ќе даде посебен придонес во унапредување на соработката. Родителите ќе имаат можност да даваат свои сугестии предлози за подобрување на работата, да

ја детектираат состојбата на училиштето со цел подобрување на условите за работа. Исто така родителите треба да се вклучат во изведување на многубројни активности при што ќе се земаат предвид предлозите, мислењата и сугестиите од родителите. Согласно воспоставената практика, на почетокот на учебната година со флаери родителите ќе се информираат за организационата поставеност и за активностите кои треба да ги изведува училиштето, нивните права и одговорности и правата и одговорностите на учениците. Училиштето во својата програма ќе планира средби со родители, приемен ден на училиштето, ќе изработи кодекс на однесување на родители, наставници, ученици.
Сите информации кои треба да ги добијат родителите ќе се истакнуваат на огласна табла на родителските катчиња кои се поставени во холот на училиштето и на влезната врата.

- **21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење**

Родителите постојано и континуирано непосредно се вклучуваат во училиштето во секој сегмент, па и во учењето. Преку родителските средби, индивидуални средби, состаноците со Советот на родители и Училиштниот одбор редовно се информираат за наставниот процес од страна на директорот, наставниците, стручната служба и од нивните деца. Во програмите за соработка со родителите од одделенските раководители и во програмите од стручната служба предвидена е соработка и поддршка од родителите за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и за напредување на учениците–таленти. Предвидена е и соработка и помош од родителите во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и матерјали. Вклучени се и при професионалната ориентација на учениците.

- **Едукација на родителите/старателите**

Се предвидуваат повеќе активности со цел да се подобри соработката на училиштето со родителите и поголемо вклучување во животот и работата на училиштето. Такви активности се следните:
-одбележување на Денот на -Здрава храна;
-новогодишно декорирање на училиштето;
-уредување на просторот околу и во училиштето;
-Еко–акции.

Се предвидува вклучување на родителите во спортските активности на учениците, натпревари со учество на ученици, наставници, учество на приредби организирани од Тимот за културно забавен живот; учество во тендери за организирани екскурзии; учество во разни манифестации и промоции на училиштето, работилници, базари, хепенинзи, натпревари, прослави, приредби, нагледни активности во рамките на различни наставни предмети и др.

Родителите се вклучени и партиципацираат при давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, преку Совет на родители, родителските средби и Училишниот одбор. По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на учениците и родителите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираат за работата на училиштето и се разгледуваат суштински прашања, а на родителите-претставници им е овозможено активно и континуирано партиципирање во донесувањето на одлуки. Едукација на родителите се реализира преку работилници за Советот на родители, едукативни предавања реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања. Во училиштето се реализира Програма за советување родители со која родителите се советуваат и

едуцираат како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех. Стручната служба секојдневно обавува советодавно – консултативни разговори со родителите, а преку советодавната работа со родителите наменски и со целна група врши едукација на родителите од учениците кои имаат слаб успех, кои имаат голем број изостаноци и кои покажуваат асоцијално однесување. Училиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку соопштенија, брошури и флаери. Училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошура за родители која содржи информации за дел од позначајните содржините на Годишната програма за работа на училиштето, мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

## 22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Комуникацијата во зависност од потребите се остварува по устен, писмен или електронски пат, трибини, дебати и состаноци.

Со цел што поголема промоција на училиштето во јавноста, како и за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето во текот на учебната година се предвидува да бидат остварени состаноци, разни средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени случувања во училиштето.Училиштето е во соработка со општината при реализација на разновидни активности како: реализација на Еко програмата, на разни собири и здружувања за одредени случувања во училиштето, патрониот празник на училиштето, приемот на првачиња во Детската организација, отворени денови, промоција на активности од МИО проектот, соработка со Пакомак, посета на едукативниот центар во хидроцентралата Матка, посета на Сарај, Пеленица и др.

Учениците континуирано ќе учествуваат на литературни и ликовни конкурси, ќе посетат изложби, културно-историски споменици, а во планирањата на наставниците вклучени се организирани посети на: Археолошки музеј на Македонија, кино, театар, Посета на Детски фестивал „Златно славејче“, посета на саемот на книгата и други знаменитости.

- Соработка со МОН при доставување на годишната програма на училиштето, годишен извештај од работата на училиштето и тековна соработки при воведување и реализација на сите промени, укажувања и новини кои произлегуваат од министерството.
- Соработка со БРО во согласност со потребата за унапредување на наставата, наставните програми, посета на обуки и семинари на наставниот кадар и др.
- Соработка со Општинскиот инспектор и активот на директори на ниво на општина за низа консултации, размена на искуства, тековни прашања и разни прослави.
- Соработка со основните училишта се одвива во насока на активности кои ги третираат наставните и воннаставните активности како што се спортските натпревари и натпревари во разни други подрачја,литературни читања, размена на искуства помеѓу наставниците, конкурси и др.
- Соработка со средните училишта ќе се одвива во насока на активности за промоции на средните училишта и професионална ориентација на учениците и др.

**Невладини организации**

Училиштето остварува соработка со невладини организации, меѓу кои:
-Советодавен центар за деца и родители;
-Проект за основно образование -USAID; Меѓуетничка интеграција во образованието
- ОХО-Проектот од програмата „Немаме резервна планета “
- СОС Детското село – Скопје
- Црвен Крст на град Скопје
- Британски Совет-Микробит

**Здравствени организации**

Заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците вработените, и реализиција на програмата Грижа за здравјето на учениците, училиштето ке оствари соработка со: Здравствениот дом „Ченто“, здравствени установи во близината, Центарот за социјални грижи, Осигурителни компании и др.

**Медиуми**

Промоција на училиштето се врши преку соработка со најразлични медиуми и медиумски куќи. Поважни активности од наставната и вонанставната работа ќе бидат објавувани во општинскиот весник како и во други дневни и неделни печатени медиуми. Ќе ја продлабочиме соработката со телевизиските куќи во емисии од областа на образованието. Исто така јавноста континуирано ќе биде информирана за случувањата во училиштето преку веб-страната на општината и фејсбук страната на училиштето

**23.Следење на имплементација на годишната програма за работа на основното училиште**

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| Програми и организација на работата во основно училиште | Посета на часови, двапати во едно полугодие | Директор | Директор |
| Поголема соработка со родителите при обезбедување на технички средства за подобрување на условите за работа | Анкети Чек листи<br>Работилници<br>Проектни активности | Директор<br>Стручна служба<br>Родители<br>Наставници | Надлежни институции |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

| Акциски план | Критериуми за успех | Инструменти | Индикатор за успешност | Одговорен за следење | Повратна информација |
|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на квалитетот на наставата | -Број на оддржани обуки<br>-Број на опфатени наставници<br>-Број на оддржани нагледни часови | -Записници од средби<br>-Изменети и изготвени нови наставни планирања | Реализација на акцискиот план 100% | Директор<br>Педагог | -Извештаи,<br>-Информација и насоки на наставниот кадар од спроведените посети на час и увиди во планирањата |
| Подобрување на резултатите | -Поголема ангажираност и заинтересираност на пасивните ученици и намалување на негативниот успех | -Увид во ученичко досие<br>-Искази од наставници<br>-Записници од Наставнички и Одделенски совет | Реализација на акцискиот план 100% | Директор<br>Педагог | -Споредбени анализи |
| Подобрување и унапредување на училишната клима и култура | -Реализација на плановите при важни настани<br>-Навремено информирање за важни настани и случувања<br>-Почитување на кодексите на однесување | -Извештај од реализиранатa практична работа и активност | -Зголемен успех<br>-Зголемена соработка и мотивација на учениците<br>-Добивање идеи за професионална ориентација на учениците | Директор | -Извештаи за постигнатите резултати<br>- Информација и насоки на наставниот кадар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Унапредување на здравјето и еколошката свест | -Успешно функционирање на еколошкото друштво<br>-Реализација на планираните активности | -Извештај од реализиранат а активност<br>-Известување за состаноци<br>-Записници од состаноци | -Развивање на позитивна, морална личност со животен оптимизам и со навики за здраво живеење | Директор<br>Еко одбор | -Извештаи со повратна информација за постигнатите резултати од спроведени активности |

**25. Заклучок**

- Следењето, унапредувањето и вреднувањето на воспитно-образовната дејност во училиштето има за цел да обезбеди стручен приод во анализирањето и проценувањето на педагошкиот квалитет на дејноста што ја остварува училиштето и на резултатите што се постигнуваат. Ќе се осмислуваат конкретни мерки и стручни активности за постојано осовременување и подобрување на воспитно-образовната работа. Училиштето настојувајќи да воспостави сопствен систем на следење, унапредување и вреднување на својата воспитно образовна работа предвидува:

- Планирање и подготовка на наставниците за изведување на наставата и на останатите воспитно образовни активности;

- Ставање на акцент врз тимската работа на наставниците и нивната активна вклученост во сите случувања во училиштето

- Планирање на стручната работа на училишниот педагог и психолог,

- Инструктивно-советодавна помош на одделни наставници во врска со планирањето и подготовката за настава;

- Изработен е план од Директорот за увид на часови и друг вид воннаставни активности,

- Усовршување на дидактичко-методскиот квалитет на наставните часови,

- Следење на формите и методите на изведување на наставата,

- Одржување состаноци пред и по одржувањето на огледните часови

- Одржување интерни семинари за унапредување и зголемување на компентенциите на вработените,

-Примена на индивидуализирана, тимска настава, работа во парови, групи,

- Примена на современи нагледни средства: компјутери, ЦД-плеер, ЛЦД-проектор,

- Изготвување на инструменти за следење на часот, тестови на знаења, контролни задачи, аналитички листови и др.

- Изготвување на план за професионално усовршување и развој на наставниците од страна на директорот,

- Редовно и уредно водење на педагошката евиденција и документација,

- Редовно следење, проверување и оценување на учениците со примена на стандардите за оценување,

- Изготвување извештаи, анализи на крајот на првото тримесечие, полугодие, трето тримесечие, крај на учебната година. Изготвување на инструменти за следење: и оценување на учениците: чек листи, аналитички листи, бодовни листи,

- Сертификација на наставниците и спроведување на самоевалуација на нивната работа,

- Водење на портфолија - педагошки картони за работата и постигањата на наставниците.

Училиштето постојано ќе работи на подобрување на состојбите со обемот и длабочината по наставното градиво, растоварувањето на учениците од одделни наставни содржини, иновации во наставата и друго. Ке се води грижа за усовршување на распоредот на часовите, составот на паралелките, образовните форми, усогласеност на наставната работа со одморот на учениците и друго. Ќе се настојува да се постигне уште повисок квалитет во наставата и нејзино осовременување, критериумот на оценување, како и до сега ќе биде адекватен на постигнатите знаења на ученикот.

**26.Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште**

**Тим за изработка на Годишната програма за работа на училиштето:**

1. **Сали Бузаки - директор**
2. **педагог-Анета Стојановска**
3. **психолог-Анета А. Колевска**
4. **наставник - Здравка Ангеловска**
5. **наставник - Снежана Тодоровска**

***Претседател на*** ***Директор***

***Училишен Одбор,***

________________ ***М.П*** ____________________

***Рабит Емини*** ***Сали Бузаки***

**27.Користена литература**

- Закон за основно образование;
- Правилник за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште;
- Годишни програми на наставниците и стручните соработници.
- Годишна програма на директорот.

# ПРИЛОЗИ

## *ПРИЛОГ 1:* ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО

Планирањето и програмирањето на работата овозможува воспоставување солидна организација на сите активности, подигнување на квалитетот на педагошко-инструктивната работа и административно-организациската работа на училиштето, подигање на училишната култура, создавање на добра училишна култура, создавање на добра училишна клима бидејќи со нив се овозможува:

- Развивање на поголема автономија на училиштето во превземање на одговорноста во процесот на развој на училиштето и во унапредување на квалитетот во работата на училиштето;
- Јакнење на колегијалноста, градење на взаемна почит и доверба, соработка, другарување, чесност, одговорност, флексибилност, култура на однесување, самоконтрола, добронамерна и ненавредлива критика, одговорност, толерантност, точност, совесност, аргументираност и доследност во работата;
- Заштита на законитоста на работењето согласност законските одредби, акти, прописи на сите сегменити од интегралното работење на училиштето;
- Целисходност и јасна ориентација во планирањето и остварувањето на задачите со постојано изнаоѓање на начини за подобрување на квалитетот на работата на училиштето;
- Организираност и усогласеност на работата и комуникацијата на сите субјекти;
- Систематичност и рамномерно распоредување на програмските задачи и намалување на формализмот во работата на училиштето;
- Можност за анализирање на работата, оценување и вреднување на резултатите;
- Сигурност и успех со повисоки резултати во работењето и изнаоѓање стратегии за што побрзи резултати и ефекти.

За таа цел директорот на училиштето ќе ги извршува работите и работните задачи од повеќе пордачја. Примарна компонента во целокупната Програма за работа е неговата однапред концептирана активност во организирањето, координирањето и раководењето со работата на сите субјекти кои ги оставруваат посебните програми за работа на годишната програма за работата на училиштето (програма за работа на Наставнички совет, Одделенски совет, стручни активи, педагошка служба итн) како и активна партиципација во сите зацртани активности, обединување на интересите и потребите на учениците, наставниците и родителите.

## Следење на организацијата и реализацијата на воспитно образовната работа и друга стручна педагошка работа во училиштето

Увид, следење и проценка на остварувањето на стручните-оперативно организаторските, материјално- техничките и дидактичко-методските подготовки за реализација на наставната и воннаставната воспитно-образовната работа од страна на наставниците и другите носители.

Следење на непосредната реализација на задачите и содржините на наставата, воннаставната воспитно-образовна дејност од аспект на општата организација и артикулација и на наставните часови (преку посета на наставни часови) .

Примената на современите форми и методи, застапеноста и користењето на современи наставни средства, ИКТ и други технички помагала, воспитна насоченост и слично во рамки на што ќе се користи дневник за работата на директорот.

Водење на евиденција за планираните и реализираните посети на наставните часови, додатната и дополнителната настава и други форми на непосредна воспитно-образовна работа со учениците од аспект на планирањата и програмирањата на содржините, подготовката, непосредната организација како и успешноста на реализацијата на целите, задчите и содржините со определена динамика согласно мрежното планирање и Дневникот за работа на активностите на директорот.

Остварувањето на задолжителни разговори, консултации, советување и давање помош на наставниците за подобрување на состојбите, унапредување и усовршување на наставата и другата воспитно-образовна дејност.

Иницирање, координирање, насочување и следење на активностите во врска со интезивирање на воспитната функција на училиштето со максимална-лична партиципација, оценување и анализа на состојбите и постигнатите резултати кои ќе претставуваат основа за развивање на стратегии со нови интервенции и акции со цел за постигнување на понатамошен развој и унапредување на квалитетот на работата на училиштето.

## Перманентно, стручно, педагошко-психолошко усовршување на наставниот, воспитниот и другиот стручен кадар во училиштето

Планирање на потребите и упатување на воспитно-образовниот кадар на стручно усовршување надвор од училиштето, организирано од страна на соодветни стручни институции во вид на семинари, советување, симпозиуми и други форми на едукација.

Следење и координирање на планирањето, програмирањето и реализацијата на разните форми, активности на стручно усовршување на кадарот во рамките на училиштето како и укажување помош на соодветни стручни служби во непосредната организација и реализација на стручното усовршување.

Грижа за обезбедување на училиштето со непосредната стручна литература и стручни списанија како и поттикнување и упатување на кадарот за користење на истата првенствено преку личен пример и презентација на матерјали од корист за конкретни активности кои се од интерес од работата на училиштето.

Индивидуална работа на сопствено стручно усовршуавње и учествување на советувања, семинари, обуки и други форми организирани од страна на стручни институции.

Изготвување на соодветни стручни материјали за потребите на стручното усовршување во училиштето и надвор од него.

## Соработка со учениците и нивните организации

Анализа на опфатеноста на учениците, социјално, полова, национална структура, ментална, физичка и емоционална способност на учениците и слично.
Укажување на стручна и друга помош во конституирањето и организационата поставеност на ученичките заедници на паралелките, општествените организации на учениците и нивните слободни активности.

Следење на состојбата, насочување на активностите и учество во давање помош во врска со планирањето и програмирањето на работата и реализацијата на програмските содржини на ученичките заедници, организации и слободни активности.
Непосредно учество во работата на состаноците на училишните организации и формите на ученичкото организирање.

Учество во насочувањето и давањето помош во организирањето на културно-забавниот живот на учениците во училиштето, користење на нивното слободно време и слично.

Вклучување на учениците во работата на стручните органи на училиштето, училишната економија и развивање на демократски односи како и создавање на добри карактерни особини кај учениците. Креативно комуницирање и мотивирање на учениците.

## Соработка со родителите на учениците

Помош при формирањето на Советот на родители по паралелки и Советот на родители на училиштето.

Учество во планирањето, координирањето и насочувањето на реализацијата на разновидните форми на соработка меѓу училиштето и родителите на учениците, а особено преку Советот на родителите.

Планирање, подготовка и реализација на општите родителски средби на ниво на училиште.

Помош во планирањето, програмирањето и реализацијата на состаноците со родителите на учениците по паралелки и одделенија и на состаноците на Советот на родители.

Организирање, координирање и насочување на активностите за информирање на родителите и учениците за животот, работата и постигнатите резултати, проблемите на учениците во училиштето како и вклучување на родителите во подобрување на условите за работа на учениците во училиштето.

Непосредно учество во реализацијата на формите на педагошкото образование на родителите како и укажување помош во реализацијата на овие задачи од страна на наствниците и другите стручни соработници на училиштето.

Следење, насочување непосредно учество во реализацијата на индивидуалните и групните форми на соодветна работа со родителите на одделни категории ученици (ученици со тешкотии во напредувањето, со девијантно поведение, надарени ученици, ученици со посебни потреби и слично). Професионална, чесна, веродостојна и квалитетна комуникација со родителите.

## Соработка со органите  на управувањето

Во реализирањето на ситемот на управувањето, директорот како член на работната заедница и како раководител на училиштето со својата работа ќе

придонесува за развојот на управувањето во училиштето, пред се заштита на законитоста во работењето. При реализација на таа задача тој ќе дава перманентна, стручна помош на оргните на управувањето, а која ќе се состои во подготвување на заклучоците, одлуките и нивното спроведување во пракса.

Директорот ќе ги извршува и спроведува одликите на Училишниот одбор кои се во согласност со позитивните законски прописи, нормативи, акти и перманентно ќе ги следи законските прописи, со цел нивно аплицирање, практична, соодветна примена во сите сегменти на кои тие се однесуваат од делокругот на работата на училиштето.

**Работата на директорот во управно-правните административно и матријално-финансиските работи**

Увид и анализа на стекнатата состојба. Во оставрувањето на својата управна функција директорот се грижи за доследно спроведување на законот на основното образивание, нормативните акти кои се сврзани со основната задача на училиштето и другите закони, прописи, нормативни акти, кои се однесуваат на работата на училиштето како интегрална целина и дел на општествената заедница.

Наставните планови и програми и нивната реализација се приоритет во работата на директорот кој ќе се грижи и за спроведување на нормативните акти на училиштето, водејќи сметка за сестрана дисциплина и одговорност во работата на сите членови на работниот колектив.

Директорот ќе дава помош во административанта работа и во реализирањето на матерјалното-финансиското работење. Посебна грижа на директорот е да води сметка за поголема сигурност, точност и рационалност на овој вид работа. Директорот мора да ги имплементира во пракса законските прописи и да врши усогласување на актите на училиштето со тековната законска регулатива на сите полиња од делувањето.

Одговорно раководење, тимска работа, следење, комуникација, координирање, констатации, објективност, иницијативи и идеи во рамките на законот, а се со цел за постигнуавње на подобри резултати во работата на училиштето.

| **Јули-Август-Септември 2022 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр** | **Програмска содржина** | **Соработници комуникација** | **Форма на работа** | **Методи на работа** |
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Увид и учество во подготовките за прием на учениците во училиштето | Стручен актив, педагог,психолог и одделенски раководители | индивидуално и групно | Дијалошка |
| 2 | Подготовка за одржување на Наставнички совет - изготвување, разгледување и усвојување на Годишната програма за воспитно-образовната работа на училиштето во учебната 2022/23 година<br>-Усвојување на распоред | Педагог,психолог одговорни на активи, Наставнички совет и Училишен одбор | индивидуално и групно | Разговор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Работа со наставници-приправници -планирањето, реализацијата и организацијата на наставата | Педагог,психолог наставници | индивидуално и групно | Разговор |
| 4 | Увид и давање на упатства за правилно водење на педагошка документација во училиштето | Педагог,психолог наставници | индивидуално и групно | Дијалошка, демострати вна |
| 5 | Работа со одделенските раководители за реализирање на одделенските часови | Педагог,психолог одделенски раководители | индивидуално и групно | Дијалошка |
| 6 | Увид организационата поставеност на ученичките организации и слободните ученички активности | Одговорни наствници | индивидуално и групно | Дијалошка |
| 7 | Тековни активности, задолженија на наставниците со часови, дежурства и распоред на смени | Наставен кадар | индивидуално и групно | Дијалошка |
| 8 | Соработка со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на РМакедонија, просветен инспектор за Општина Петровец МОН | МОН, Биро за развој, просветен инспектор за Општина Петровец | индивидуално и групно | Дијалошка аналитичка |
| 9 | Организација на животот и работата во училиштето: распоред,задолженија и дежурства на наствниците и учениците како и на другиот персонал | Наставници, ученици, хигиеничари | Индивидуално и групно | Планско аналитичка |
| 10 | Примена на новиот наставен план-измени | Предметни наставници | Индивидуално и групно | Дијалошка |
| 11 | Тековни работи | | | |

| **Октомври 2022 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр** | **Програмска содржина** | **Соработници комуникација** | **Форма на работа** | **Методи на работа** |
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Преглед на одделенските дневници со цел правилно да се евидентираат содржините во нив и нивниот реден број | Педагог,психолог наставен кадар | индивидуална | Монолошка, дијалошка |
| 2 | Увид во дневните подготовки на наставниците | Наставен кадар | индивидуално | Разговор |
| 3 | Педагошки увид на наставните часови со цел да се провери нивото на примената на наставните средства и помагала и примената на проектите ИКТ | Педагог,психолог наставен кадар | индивидуално и групно | Дијалошка демонстративна набљудување |
| 4 | Изготвување на осврт по извршениот Педагошки увид | Педагог,псиколог наставен кадар | индивидуално | Дискусија |
| 5 | Увид на часовите од дополнителна и додатна настава со цел да се оцени нивната ефикасност | Педагог,психолог наставен кадар | индивидуално и групно | Разговор |
| 6 | Изготвување на Извештај на извршените педагошки увиди во редовната, дополнителната и додатната настава | Педагог,психолог | индивидуално и групно | Текст метода |
| 7 | Подготовка и одржување на Наставнички совет на кој ќе се расправа за извештајот | Педагог,психолог | индивидуално | Излагање и дискусија |
